ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 01.04.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ПЗУ АПТЕКИ 2011/2012

ФЗОМ од денес има договор со 740 аптеки во Р.Македонија, во 2010 тој број изнесуваше 703 аптеки. Од денес постои нов правилник за прераспределба на квоти на аптеките. Со новиот правилник се овозможува пореална распределба на парите по ПЗУ-аптеки. За директна поткрепа на овој начин на дистрибуција ФЗОМ одвои дополнителни 300 милиони денари на веќе одобрените 2 милијарди денари што претставува историски најголем буџет за лекови на рецепт во Р.Македонија а со цел максимална снабденост со лекови по аптеките. Скапите лекови не се сметаат во овој износ на квота. ФЗОМ се надева дека осигурениците набрзо ќе ја почуствуваат оваа новина и повеќе нема да слушаат изговори од аптеките дека немаат квота за лек на рецепт.

Разликата во правилниците се состои во тоа да претходно парите се прераспределуваа по Подрачни Служби, и отпосле по аптеките во Подрачната служба. Поради различниот број на аптеки по подрачни служби и населението кое го покриваат постоеше голема разлика во реализацијата на квотите. За надминување на ваквите состојби ФЗОМ во соработка со фармацевтската комора договори повеќе парите да не се распределуваат по подрачни служби на ФЗОМ туку Р.Македонија да биде една територијална единица каде парите директно ќе се распределуваат по работни единици на ПЗУ АПТЕКИ а како критериуми ќе останат бројот на вработени тимови и реализацијата на квотите.

Овој начин на прераспределба најмногу ќе го осетат аптеките во подрачни служби каде реализацијата на квотите е висока и/или има голем број на аптеки. За пример Ви ги одвојуваме следниве подрачни служби каде процентуално и парично има највидно зголемување: Скопје од 43.569.000,00 на 55.869.000,00 денари, Струмица од 6.456.000,00 денари на 9.086.000,00 денари, Битола од 7.231.000,00 на 12.345.000,00 денари, Прилеп од 6.324.000,00 на 8.372.000,00 денари, Охрид од 4.119.000,00 на 5.672.000,00 денари, Куманово од 9.005.000,00 на 10.493.000,00 денари.

Бранко Аџигогов
Портпарол